**20201561980**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јуни 2020 година донесе

**УРЕДБАСО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за инспекциски надзор за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/20), во член 1 став 2 зборовите „испитот за стекнување на инспектор со лиценца,” се бришат.

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

„Спроведувањето на обуките за стекнување на инспектор со лиценца, како и стручното усовршување и обука на инспекторите се одложува за време на траењето на вонредната состојба, како и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31 август 2020 година”.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-5474/1<br>12 јуни 2020 година<br>Скопје

Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р.